**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-222/6***
***Скопје, 31.05.2007 година***

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РМ**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Министерството за финансии – Функции на државата (во натамошниот текст: МФ - Функции на државата), а кој е прикажан на страна 6.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и изготвен е извештај за финансискиот извештај на Министерство за финансии Функции на државата за 2005 година која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   - М-р Никола Поповски, министер за финансии до 27 август 2006 година и
   - Проф. Д-р Трајко Славески, министер за финансии од 28 август 2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 7/03/2007 до 11/05/2007 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај се заснова на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансискиот извештај за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Во рамките на буџетот на Функции на државата планирани се средства за непредвидени случаи како постојана и тековна буџетска резерва во износ од 114.543 илјади денари.
Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетите не можеле да бидат планирани.
Со увид во сметководствената документација и потрошените средства е констатирано дека поголем дел од истите се за намени кои можеле да бидат планирани, и тоа:

- ✓ Во текот на 2006 година исплатени се средства во вкупен износ од 101.200 илјади денари, врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, како финансиска подршка на Македонската радио телевизија. Лошата финансиска состојба на јавното претпријатие, непочитување и непримenување на Законот за радиодифузија од страна на корисниците на јавниот сервис и од јавното претпријатие не се причина за користење на средствата од резервите кои имаат други намени пропишани со закон.
  Овој вид на финансиска подршка не претставува системско решавање на лошата финансиска состојба на Македонската радио телевизија, ниту непредвидлив настан за да може средствата да се користат за оваа намена;
- ✓ Исплатени се средства на физички лица, здруженија и други правни субјекти во вкупен износ од 13.343 илјади денари по различни основи и потреби, кои според содржината и карактерот на потребата не претставуваат настани кои треба да се опфатат со средствата од резервите, туку истите треба да се предвидат и планираат на соодветни ставки од буџетот.

**Препорака:**

Средствата на резервите да се користат согласно Законот за буџетите и критериумите пропишани во законот, а финансирањето на одредени тековни потреби на здруженија, граѓани и други субјекти да се планираат на соодветна ставка на буџетот.

10.1.2. При изборот во давање на јавните овластувања: наплата на царинска давачка (ЦПД), друмска такса, административни такси и визи, вршење на функции на Службата помош и информации (СПИ), не се применети одредбите од Законот за јавни набавки.

Министерството за финансии нема постапено согласно договорите склучени со АМСМ кој ги превзел наведените јавни овластувања, при што не е спроведена предвидената редовна контрола на извршување на функциите на прибирање и навремено трансферирање на паричните средства наплатени од страна на АМСМ кои претставуваат приход на Буџетот на Република Македонија. Во 2006 година по основ на оваа услуга од Буџетот на Република Македонија исплатени се 52.366 илјади денари на АМСМ.

**Препорака:**

а) Одговорното лице во Министерството за финансии да ги применува одредбите од Законот за јавни набавки при изборот на субјект за сервисирање на предметните јавни овластувања, кои претставуваат приход на државата, од кои соодветен процент на извршената наплата претставува провизија која е приход за извршителот на услугата;
б) Одговорното лице во Министерството за финансии да овласти лице кое ќе биде одговорно и кое ќе го следи спроведувањето на одредбите од договорот, во делот на наплата на средствата за извршените услуги, благовремено трансферирање на истите во Буџетот на Република Македонија и точно и ажурно пресметување и исплата на провизијата како приход на извршителот на услугата.

10.1.3. Согласно Законот за административни, судски и таксени марки, издавањето на овие марки е во надлежност на Министерството за финансии, додека административниот дел околу печатењето, чувањето и издавањето ги врши Народна банка на Република Македонија, врз основа на договор за кој Министерството плаќа провизија. За наведената цел, во 2006 година на Народна банка на Република Македонија и се исплатени 2,360 илјади денари.
На ревизијата не и е презентирана пописна листа изготвена од Народна банка на Република Македонија за состојбата на овие марки, со што не е обезбеден доказ за реалната и објективната состојба на истите. Наведеното доведува до нереално и необјективно искажување на состојбата на предметните марки.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги применува одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и да поднесе барање до Народна банка на Република Македонија за добивање на пописен елаборат заради благовремено и ажурно евидентирање и усогласување на состојбата на административните и судските таксени марки. Имајќи предвид дека истите се евидентирани во сметководствената евиденција на Народна банка на Република Македонија, ревизијата предлага овие марки вонбилансно да се евидентираат на сметката на Буџетот на Република Македонија.

10.1.4. Исплатата на средствата на политичките партии во износ од 33,000 илјади денари е извршена согласно актот на Министерството и Упатството за распределба на средствата од Буџетот на РМ за годишно финансирање на политичките партии, кое не кореспондира, односно не е усогласено со Законот за финансирање на политичките

партии во однос на критериумите за распределба на средствата за политички партии. Наведеното доведува до несоодветна распределба на средствата на политичките партии.

**Препорака:**

Стручните служби надлежни за изготвување предлози на Упатства, да предложат усогласување на одредбите на наведеното Упатството со одредбите на член 10, став 1 и 2 од Законот за финансирање на политичките партии.

11. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 10.1.3. финансискиот извештај вистинито и објективно ја претставува финансиската состојба на Министерството за финансии – Функции на државата под 31.12.2006 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2006 година.

12. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 10.1.1, 10.1.2. и 10.1.4. остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

**13. Информација за спроведени препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година:**

Министерството за финансии нема постапено на следните препораки дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансискиот извештај за 2005 година:

- ✓ Изготвување на нова пресметка за исплата на дотации на општините за 2005 година, со примена на законски пропишаните основици на остварен ДДВ, со обврска за исплата на констатираната разлика на општините;
- ✓ Усогласување на Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии со Законот за финансирање на политичките партии, со обврска да се изготви ново решение со кое ќе се задолжат политичките партии за повраток на повеќе исплатените средства, односно доплата за помалку исплатените средства на одделни политички партии.

**Ревизијата смета за неопходно да укаже на следното:**

Со увид во извршувањето на функциите на државата констатирано е:

- ✓ 37,01% од планираните расходи на Разделот Министерство за финансии – Функции на државата во износ од 12.304.867 илјади денари се исплатени преку сметката на Функции на државата, додека 47,04% во износ од 15.639.505 илјади денари се исплатени од сметката на Буџетот на Република Македонија (Прилог број 1);
- ✓ Најголем дел од исплатите преку Буџетот на Република Македонија се однесуваат на кредитните обврски и камати по истите, за кои државата е гарант (Прилог број 2);
- ✓ Независно на подобрената состојба во однос на претходните години, сеуште е голем процентот на нереализирање на буџетот од 15%. Планираниот буџет на сметката Функции на државата изнесува 33.249.097 илјади денари, а искористени се вкупно 27.944.372 илјади денари, вклучувајќи ги исплатите преку оваа сметка и преку сметката на Буџетот на Република Македонија.

Вкупните расходи кои се однесуваат на оваа сметка изнесуваат 27.944.372 илјади денари, но истите заради примената на начелото на паричното искажување на

приходите и расходите пропишано во Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи се искажани во помал износ за 15.639.505 илјади денари, колку што изнесуваат плаќањата преку сметката на Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**

Заради целосна реализација на функцијата на оваа сметка одговорните лица во Секторот Буџет и фондови и Секторот за трезор треба:

а) Планирањето на расходите да го извршуваат врз основа на реални критериуми и параметри, со цел да се намали разликата на отстапувањето помеѓу планирањето и извршувањето на буџетот;

б) Реализирањето на расходите планирани во разделот Функции на државата да го извршуваат од планираните ставки, со усовршување на техниката на извршување;

**Скопје, 30/05/2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Министерство за финансии**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| | | | во 000 Ден |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | 3.1 | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 12,304,868 | 10,187,855 |
| **Вкупно приходи** | | **12,304,868** | **10,187,855** |
| **Расходи** | 3.2. | | |
| **Тековни расходи** | 3.2.1 | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.1.1 | 114,543 | 11,431 |
| Стоки и услуги | 3.2.1.2 | 151,529 | 179,142 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 3.2.1.3 | 781,343 | 1,250,569 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.2.1.4 | 813,000 | 379,000 |
| Каматни плаќања | 3.2.1.5 | 1,136,530 | 1,141,363 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1.6 | 1,837,802 | 485,368 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,834,747** | **3,446,873** |
| **Капитални расходи** | 3.2.2 | | |
| Капитални расходи | 3.2.2.1 | 1,921,719 | 2,202,566 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,921,719** | **2,202,566** |
| **Отплата на главнина** | 3.2.3 | **5,548,402** | **4,538,416** |
| **Вкупно расходи** | | **12,304,868** | **10,187,855** |